**Толкување за бришење на член 13 од Правилникот за облиците на континуирано стручно усовршување на докторите по ветеринарна медицина од 29.10.2015 година**

Со донесување на новиот Правилникот за облиците на континуирано стручно усовршување на докторите по ветеринарна медицина од 26.06.2023 година, се брише членот 13 од Правилникот за облиците на континуирано стручно усовршување на докторите по ветеринарна медицина од 29.10.2015 година, кој гласи:

"Докторот по ветеринарна медицина кој навршил 25 години работен стаж или 6 пати продолжил лиценца, му се продолжува лиценцата без обврски кои произлегуваат од овој правилник. "

Во насока на усогласување со европската регулатива и обезбедување на еднаков третман на сите доктори по ветеринарна медицина, започнувајќи од 01.01.2024 година, секој доктор по ветеринарна медицина има обврска за посета на континуирана едукација и продолжување на лиценцата за работа единствено врз основа на реализирани минимум 100 бодови, до исполнување на законските услови за остварување на правото на пензија.

Докторите по ветеринарна медицина кои ја имаат продолжено лиценцата за работа врз основа на реализиран 25 години работен стаж во ветеринарната дејност, го задржуваат правото при наредно продолжување на лиценцата за работа врз основа на реализиран работен стаж и за нив не важат одредбите за задолжителна посета на континуирана едукација.

Сите доктори по ветеринарна медицина кои ќе навршат 25 години работен стаж во ветеринарната дејност до 31.12.2023 година, го задржуваат правото на продолжување на лиценцата за работа врз основа на реализиран работен стаж, без разлика на времето кога им истекува лиценцата за работа. Заклучно со годината на навршување на 25 години работен стаж, докторот по ветеринарна медицина има обврска за посета на континуирана едукација со реализација на 20 бодови во една календарска година.

Примери:

Доктор по ветеринарна медицина со лиценца за работа 01.01.2020 - 01.01.2025, кој навршил 25 години работен стаж во текот на 2023 година (без разлика на месецот на навршување на 25 години работен стаж), има обврска да реализира вкупно 80 бодови од посета на континуирана едукација.

Доктор по ветеринарна медицина со лиценца за работа 01.03.2021 - 01.03.2026, кој навршил 25 години работен стаж во текот на 2023 година (без разлика на месецот на навршување на 25 години работен стаж), има обврска да реализира вкупно 60 бодови од посета на континуирана едукација.

Доктор по ветеринарна медицина со лиценца за работа 01.11.2022 - 01.11.2027, кој навршил 25 години работен стаж во текот на 2023 година (без разлика на месецот на навршување на 25 години работен стаж), има обврска да реализира вкупно 40 бодови од посета на континуирана едукација.

Доктор по ветеринарна медицина со лиценца за работа 01.01.2023 - 01.01.2028, кој навршил 25 години работен стаж во текот на 2023 година (без разлика на месецот на навршување на 25 години работен стаж), има обврска да реализира вкупно 20 бодови од посета на континуирана едукација.